ADING
состојка на секоја градба




# ХИДРОИЗОЛАЦИИ



# ЗА ПРОДОЛЖЕН ЖИВОТЕН ЦИКЛУС НА ГРАДБИТЕ

# Вовед

Армирано-бетонските конструкции при изведбата и во тек на експлоатацијата се изложени на различни надворешни влијанија кои можат негативно да влијаат на нивната трајност. Меѓу многубројните фактори кои можат да ја компромитираат трајноста на конструкциите, присуството на вода е една од главните закани. Знаејќи го тоа, хидроизолацијата се поставува како значајна и неизбежна фаза при процесот на проектирање. Придржувајќи се до стандардот EN 1504-2, методите за хидроизолација обезбедуваат заштита на бетонските конструкции. Овој стандард ги содржи барањата за системи за заштита на површината, нагласувајќи ја важноста на издржливоста, компатибилноста и ефективноста. Со исполнување на стандардот EN 1504-2, решенијата за хидроизолација делуваат како заштитна бариера, спречувајќи ја водата да навлезе низ ѕидовите, темелната конструкција, покривот и другите ранливи делови од конструкцијата. Притоа, важно е да се предвиди добро техничко решение, каде правилниот избор, употреба и вградување на материјалите се приоритет.

Дополнително, методите за хидроизолација кои се во согласност со стандардот EN 14891 ги дефинираат карактеристиките на производите за хидроизолација што се користат под керамички плочки во влажни средини. Овој стандард ги дефинира барањата за флексибилност, атхезија и отпорност на вода, осигурувајќи дека системите за хидроизолација работат сигурно во средини со висока влажност, како што се бањи и тушеви. Со ова освен што се решава проблемот од конструктивен аспект, кај просториите, кои имаат директен контакт со вода и влага (бањи, санитарии, кујни) ќе се задржи предвидената функционалност и одржување, кои се примарни за здрав и нормален живот.

Во зависност од позицијата, материјалите за хидроизолација од производствената програма на АДИНГ се поделни во три групи:

**Група 1:** Материјали за заштита на бетонските конструкции (согласно стандардот EN 1504-2)

**Група 2:** Материјали за хидроизолација на санитарни јазли (согласно стандардот EN 14891)

**Група 3:** Материјали за хидроизолација на непроодни и проодни кровни тераси и балкони (согласно стандардот EN 14891)



# ГРУПА 1: МАТЕРИЈАЛИ ЗА ЗАШТИТА НА БЕТОНСКИТЕ КОНСТРУКЦИИ
## (СОГЛАСНО СТАНДАРДОТ EN 1504-2)

Движејќи се низ сложеноста на конструкцијата, првите елементи за кои е неопходна хидроизолација се оние изложени на позитивен и негативен хидростатски притисок (на пример, фундаменти, подрумски ѕидови и подови, базени, резервоари, канали, бетонски цевки, шахти и сл.). Овие елементи се постојано изложени на опасност од инфилтрација на вода, што може да доведе до сериозни оштетувања на конструкцијата, како и до намалување на нејзината стабилност и трајност. Во зависност од теренските услови и барањата за еластичност на хидроизолацијата, може да се користат различни материјали од производната програма на Адинг.



**1. ПРАЈМЕР**
Врска У

**2. ХИДРОИЗОЛАЦИЈА**
Хидромал
Хидромал Флекс
Хидромал Флекс 1К
(Во зависност од теренските услови се бира најсоодветната Хидроизолација)

**3. ЗАШТИТНА МЕМБРАНА**
Стиропор

*Применети производи во оваа група















| ЛЕГЕНДА | |
|---|---|
| 1 | Армирано-бетонска темелна плоча со Суперфлуид и Хидрофоб Т |
| 2 | Армирано-бетонски ѕид со Суперфлуид и Хидрофоб Кристал |
| 3 | Хидромал Флекс во 3 слоја |
| 4 | Експандирачка трака фиксирана со трајноеластичен кит |
| 5 | EPDM фолија фиксирана со трајноеластичен кит |
| 6 | Адингпокс Н |
| 7 | Подложен бетон |

## Хидроизолација на бетонски конструктивни елементи




| ЛЕГЕНДА | |
|---|---|
| 1 | Боја за базен Адингколор РБ |
| 2 | Хидроизолација Хидромал во 3 слоја |
| 3 | Армирано бетонски ѕид со Хидрофоб Т и Суперфлуди |
| 4 | Заштита на хидроизолација со „Тефонд“ или стиропор **d**=1cm |
| 5 | Мешавина од земја и чакал |
| 6 | Заштита на хидроизолација цементна кошулка 5 cm |
| 7 | Бетонска плоча подлога за хидроизолација МБ 25 |
| 8 | Тампонски слој, чакал |
| 9 | Набиена земја |
| 10 | Репаратур Малтер |
| 11 | Еластичен Кит Адингакрил |
| 12 | Хидроизолација Хидромал Флекс во 3 слоја |

ДЕТАЛ А




ДЕТАЛ Б




## Хидроизолација на армирано бетонски базени (завршен слој изведен со боја)

# ГРУПА 2: МАТЕРИЈАЛИ ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА САНИТАРНИ ЈАЗЛИ
## (СОГЛАСНО СТАНДАРДОТ EN 14891)

Кај бањите и кујните, каде што нивото на влага е зголемено, хидроизолацијата служи како заштитен штит, обезбедувајќи долговечност и функционалност на овие суштински простори. Најчести причини за протекување во санитарните јазли и бањите се: отсуство на хидроизолација, несоодветно изведена или оштетена хидроизолација, необезбедени спoеви помеѓу подот и ѕидовите, необезбедени продори од инсталациите. За да се избегне протекувањето и сите проблеми кои ги носи истото, се препорачува навремена, планска и прецизна изведба на хидроизолација во сите простори, каде има водоводни инсталации и контакт со вода и влага.

**1. ПРАЈМЕР**
Врска У

**2. ХИДРОИЗОЛАЦИЈА**
Хидромал Флекс

**3. БАНДАЖИРАЊЕ НА СПОЕВИ**
Адинг Бутилина Трака

**4. ХИДРОИЗОЛАЦИЈА**
Хидромал Флекс

**5. ХИДРОИЗОЛАЦИЈА**
Хидромал Флекс

**6. ЛЕПАК ЗА ПЛОЧКИ**
Хидрокол С

**7.КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ**




*Применети производи во оваа група















ДЕТАЛ А




| *ЛЕГЕНДА* | |
|---|---|
| 1 | Керамички плочки |
| 2 | Лепак за плочки Хидрокол С/СП |
| 3 | Хидроизолација Хидромал Флекс |
| 4 | Цементен Малтер |
| 5 | Ѕид |
| 6 | Цементна кошулка |
| 7 | Армиранобетонска плоча |
| 8 | Фугофил |
| 9 | Адинг Бутилна Трака |
| 10 | Еластичен Кит Адингакрил |

## Хидроизолација кај санитарни јазли




| *ЛЕГЕНДА* | |
|---|---|
| 1 | Керамички плочки |
| 2 | Лепак за плочки Хидрокол С/СП |
| 3 | Хидроизолација Хидромал Флекс во 3 слоја |
| 4 | Постојани кермички плочки |
| 5 | Цементна кошулка со пад |
| 6 | Залевање на продор низ АБ плоча со Ексмал |
| 7 | Армиранобетонска плоча |
| 8 | Цементен малтер |
| 9 | Фугофил |
| 10 | Еластичен Кит Адингакрил |

## Хидроизолација кај санитарни јазли (вертикален сливник)

# ГРУПА 3: МАТЕРИЈАЛИ ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИЈА НА НЕПРООДНИ И ПРООДНИ КРОВНИ ТЕРАСИ И БАЛКОНИ (СОГЛАСНО СТАНДАРДОТ EN 14891)

Кај рамните кровови кои се изложени на разни надворешни влијаниа, хидроизолацијата ја презема одговорноста за спречување на навлегување на вода, а со тоа го зачувува структурниот интегритет и долговечноста на конструкциите. При проектирање и изведба на хидроизолација на проодни кровни тераси и балкони или санација на стара хидроизолација, во предвид треба да се земат влијанијата на кои е изложена терасата или балконот, нагибот на подлогата и типот на подлога (монолитна или монтажна) врз која се изведува хидроизолацијата.



**1. ПРАЈМЕР**
Врска У

**2. ХИДРОИЗОЛАЦИЈА**
Хидромал

**3. ПАРНА БРАНА**

**4. ТЕРМОИЗОЛАЦИЈА**

**5. PE ФОЛИЈА**

**6. АБ. КОШУЛКА**

**7. ХИДРОИЗОЛАЦИЈА**
Хидромал Флекс

**8. ЛЕПАК ЗА ПЛОЧКИ**
Хидрокол СП

**9. КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ**

*Применети производи во оваа група














| ЛЕГЕНДА | |
|---|---|
| 1 | Хидроизолација - PVC мембрана |
| 2 | Геотекстил 300 гр |
| 3 | АБ кошулка за пад d=5-6cm со адитив за водонепропусност Хидрофоб 21 |
| 4 | ПЕ Фолија |
| 5 | Термоизолација |
| 6 | Парна брана |
| 7 | Хидроизолација со Хидромал во 2 слоја |
| 8 | АБ плоча за пад d=5-6cm со адитив за водонепропусност Хидрофоб 21 |
| 9 | Цементен малтер |
| 10 | Хидроглет В |
| 11 | Адингколор |
| 12 | Залевање на продор низ АБ плоча со Ексмал |
| 13 | Адинг Бутилна Трака |
| 14 | Еластичен Кит Адингакрил |

## Хидроизолација кај непроодни балкони



| ЛЕГЕНДА | |
|---|---|
| 1 | Хумус |
| 2 | Геотекстил 100-150 гр |
| 3 | Дренажен слој 2,5-4 см |
| 4 | Неткаен геотекстил 500 gr |
| 5 | Фолија против корења |
| 6 | Хидроизолација - PVC мембрана |
| 7 | Геотекстил 300 гр |
| 8 | АБ кошулка за пад со адитив за водонепропусност Хидрофоб 21 |
| 9 | ПЕ Фолија |
| 10 | Термоизолација XPS |
| 11 | Парна брана |
| 12 | Хидроизолација со Хидромал во 2 слоја |
| 13 | АБ плоча со адитив за водонепропусност Хидрофоб 21 |

## Хидроизолација - систем зелен кров

# Референци












## ХИДРОМАЛ ФЛЕКС

**Одговара на EN 1504-2: 2.2(C); 8.2(C) и EN 14891**

Двокомпонентна еластична хидроизолација на цементно - полимерна основа. Се применува кај: базени, пречистителни станици, подрумски ѕидни и подни површини, резервоари за техничка вода и вода за пиење, канали, бетонски цевки, шахти, балкони, санитарни јазли, кујни, перални, вкопани бетонски елементи и сл.

**Својства:**
- заштита на бетонот од продор на вода и влага;
- отпорен на позитивен и негативен хидростатски притисок;
- овозможува директно лепење на керамички плочки со градежно лепило;
- може да се употребува во резервоари со вода за пиење;
- способност за премостување на пукнатини при стандардни услови
- еластичен;
- UV стабилен

**Потрошувачка:**
1,2 - 1,4 kg/m$^2$ - за два слоја
1,8 - 2,0 kg/m$^2$ - за три слоја




## ХИДРОМАЛ

**Одговара на EN 1504-2: 2.2(C); 8.2(C)**

Еднокомпонентна крута хидроизолација на цементна основа. Се применува кај: базени, пречистителни станици, подрумски ѕидни и подни површини, резервоари за техничка вода и вода за пиење, канали, бетонски цевки, шахти, балкони, санитарни јазли, кујни, перални, вкопани бетонски елементи и сл.

**Својства:**
- едноставна подготовка и изведба;
- заштита на бетонот од продор на вода и влага;
- отпорен на позитивен и негативен хидростатски притисок;
- овозможува директно лепење на керамички плочки со градежно лепило;
- може да се употребува во резервоари со вода за пиење;
- UV стабилен;
- отпорен на мраз;
- отпорен на соли;

**Потрошувачка:**
За три слоја: 5-6 kg/m$^2$ (два со четка и еден со глетарка)




## ХИДРОМАЛ ФЛЕКС 1К

**Одговара на EN 1504-2: 2.2(C); 8.2(C) и EN 14891**

Еднокомпонентна еластична хидроизолација со фибри, на цементно - полимерна основа. За изведба на еластична хидроизолација на делови од објекти изложени на позитивен и негативен хидростатски притисок, за изведба на внатрешна и надворешна хидроизолација на подземни бетонски конструкции, а исто така се користи и како хидроизолација на делови од објектот, каде може подолго време да остане отворена и незаштитена од атмосферски влијанија.

**Својства:**
- едноставна подготовка и изведба;
- заштита на бетонот од продор на вода и влага;
- отпорен на позитивен и негативен хидростатски притисок;
- овозможува директно лепење на керамички плочки со градежно лепило;
- премостува микропукнатини;
- флексибилен;
- паропропусен;
- UV стабилен;

**Потрошувачка:**
1,00 - 1,50 kg/m$^2$ (два до три слоја со четка)




## АДИНГФЛЕКС

**Одговара на EN 1504-2: 2.2(C); 8.2(C)**

Еластична хидроизолација на акрилатна основа. Се користи за изведба на еластична хидроизолација на делови од објекти изложени на позитивен хидростатски притисок, за изведба на надворешна хидроизолација на подземни бетонски конструкции како хидроизолација на делови од објектот, каде може да остане незаштитена од атмосферски влијанија. Може да се нанесува и врз битумен.

**Својства:**
- спремен за употреба;
- одлична еластичност на температура од -15°C до +60°C;
- заштита на бетонот од продор на вода и влага;
- премостува микропукнатини;
- UV стабилен;
- може да се нанесува врз битумен

**Потрошувачка:**
за три слоја: од 1,2-1,5kg/m$^2$
за три слоја со безалкална мрежичка 45g/m$^2$ помеѓу слоевите: од 1,8-2,0kg/m$^2$




## АДИНГ БУТИЛНА ТРАКА

Самолеплива трака со полиестерски филц за бандажирање критични споеви при изведба на хидроизолација. Се применува при изведба на хидроизолација со Хидромал, Хидромал Флекс, Хидромал Флекс 1К, Адингфлекс и други хидроизолации на база на синтетички смоли. Траката се поставува врз работни фуги, пукнатини, помали продори на инсталации, споеви меѓу вертикални и хоризонтални рамнини кај санитарни јазли и кујни. Се поставува помеѓу првиот и вториот слој од премазот за хидроизолација.

**Својства:**
- добра атхезија за различни подлоги
- следи нерамнини
- траката прифаќа боја, гипс, цемент и лепила
- трајно флексибилна
- едноставна и прецизна за вградување
- отпорна на кинење
- водоотпорна




ADING
состојка на секоја градба
Компанија за производство на хемиски материјали заградежништво,уште од 1969 година
АДИНГ АД СКОПЈЕ, Новоселски пат (ул.1409) бр.11, 1060 Скопје, Р. Северна Македонија
тел.: + 389/2 2034 840; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

CONSTRUCTION CHEMICALS SINCE 1969